# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ – ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**СОДРЖИНА:**


**I. Општи одредби**

**II. Опис на Правилникот**

**III. Завршни одредби**

**IV. Документи и прилози**


| | **Датум** | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|---|
| **Изработил** | 25.10.2019 | М-р Светлана Попова | Секретар на Докторска школа | с.р. |
| **Одобрил** | 25.10.2019 | Проф. д-р Блажо Боев | Ректор | с.р. |
| Правен основ: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/18) | | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница: 148 датум: 08.05.2018; број на седница: 152, датум: 28.9.2018 година ; број на седница: 168, датум: 26.12.2019 година; број на седница: 184, датум: 27.05.2021 година) | | | | |


Овој документ е сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање во втор циклус на студии – постдипломски студии.

**Член 2**

Со овој Правилник се обезбедува поголема ефикасност на студиите, како и реализација на насоките од Болоњскиот процес: намалување на периодот на студирањето во однос на досегашната пракса, зголемување на мобилноста на студентите и наставниците, подобрување на квалитетот на студирањето врз основа на принципите на компетитивност во предавањата и истражувањата.

**Член 3**

Универзитетот врши високообразовна дејност од втор циклус на студии – постдипломски студии.

Единиците на Универзитетот вршат високообразовна дејност од втор циклус на студии – постдипломски студии во една или во повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, односно во една или повеќе сродни уметнички области.

Научна установа може да врши високообразовна дејност од втор циклус на студии - постдипломски студии во рамките на научната област за која е основана, ако е акредитирана за вршење на овој вид на студии и ако има решение за почеток со работа, според начинот и условите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

**Член 4**

Студиите од втор циклус – постдипломски студии се остваруваат преку Кредит- трансфер системот, како заедничко правило што се воспоставува според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

**Член 5**

Студиите од втор циклус – постдипломски студии може да се организираат ако се исполнети условите предвидени со Законот за високото образование.

## II. ОПИС НА ПРАВИЛНИКОТ

### Видови студии од втор циклус

**Член 6**

Вториот циклус на студии се организира како: втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и втор циклус на стручни студии.

Студиите од втор циклус на академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити. Постдипломските студии можат да траат и подолго од две години, доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

**Услови за запишување во втор циклус студии**

**Член 7**

На втор циклус студии може да се запише кандидат што има завршено прв циклус на студии на факултет или висока школа и кој ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и со овој Правилник.

На втор циклус академски студии – постдипломски студии во времетраење од 2 (две) години или четири семестри, односно 120 кредити може да се запишат кандидати со завршен прв циклус на академски студии во времетраење од 3 (три) години, односно 180 кредити и кандидати со завршен прв циклус на академски студии во времетраење од 4 (четири) години, односно 240 кредити. На втор циклус академски студии – постдипломски студии во времетраење од 1 (една) година, односно два семестри или 60 кредити, може да се запишат кандидати што завршиле прв циклус на студии во времетраење од 4 (четири) години, односно 240 кредити.

На втор циклус стручни студии со времетраење од 1 (една) година или два семестри, односно 60 кредити, може да се запишат кандидати што завршиле соодветен прв циклус на студии во времетраење од 3 (три) години, односно 180 кредити.

Право да се запишат на втор циклус студии имаат и странски државјани, според условите утврдени со закон и со овој Правилник.

**Член 8**

Компатибилноста и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми на прв циклус на универзитетски студии за упис на втор циклус на студии се уредува со одлука на наставно – научниот, односно уметничкиот совет на единицата на Универзитетот.

Условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми на прв циклус на универзитетски студии – диференцијалните испити, се определуваат од соодветната студиска програма на прв циклус на студии.

Диференцијалните испити се полагаат на почетокот на студиите од втор циклус (како услов за полагање на испитите од студиската програма на втор циклус студии) и со квантификација на оценката и освоените ЕКТС кредити, се евидентираат во додатокот на диплома за завршен втор циклус на студии.

**Член 9**

Студентите од втор циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според студиската програма на која се запишале, во следниве рокови:

- едногодишни студии за 3 (три) години;
- двогодишни студии за 5 (пет) години.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став, настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основа на овој Правилник и одлука на наставно – научниот, односно уметнички совет на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите врз основа на овој Правилник и одлука на наставно

– научниот, односно уметнички совет на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член не настане измена, односно згаснување на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите на студиската програма на која се запишал.

Доколку студентот ги положил сите испити предвидени со студиската програма на вторц циклус студии и има одобрена - ОМДС.ОБ.09 *Пријава за изработка на магистерски/струден труд* и определен ментор, рокот за завршување на студиите од став 1 на овој член, не тече.

**Член 10**

Запишувањето на втор циклус на студии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Универзитетот по предлог на единиците.

Одлука за бројот на студентите кои ќе се запишат на втор циклус на студии донесува Ректорската управа - РУ.ОБ.04 *Одлука од Ректорска управа* по предлог на единицата.

Одлука за бројот на студенти, на предлог на Универзитетот, донесува Владата на Република Македонија.

Конкурсот се објавува во најмалку еден дневен весник што излегува во Република Македонија и се објавува на службената веб – страница на Универзитетот.

Конкурсот може да биде објавен и во весник во странство.

Конкурсот содржи: име на Универзитетот и негова адреса, назив на студиската програма, место на изведување на студиската програма, времетраење на студиите, услови за запишување, предвиден број на слободни места за запишување, постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите и висината на школарината.

Студентите кои немаат земено диплома за завршен прв циклус на студии, своерачно поднесуваат изјава во која ги наведуваат причините поради кои немаат доставено диплома, а се обврзани да ја достават дипломата веднаш по подигање од соодветната институција.

**Член 11**

Кандидатите се пријавуваат на објавениот конкурс со пополнување на пријава за упис на втор циклус на академски/стручни студии во согласност со конкурсот- ОМДС.ОБ.01 *Пријава за упис во втор циклус на универзитетски академски студии/ специјалистички студии.*

Со пријавата, кандидатите ја доставуваат и потребната документација наведена во конкурсот до Универзитетот, односно во Одделението за магистерски и докторски студии согласно ОМДС.ПР.03 *Процедури за формирање и ажурирање на студентско досие за втор и трет циклус на студии*. По завршувањето на рокот за доставување на документите по конкурс, претседателот на конкурсната комисија од соодветната единица на која конкурирале кандидатите ги подига документите од советникот за магистерски и докторски студии, користејќи ОМДС.ОБ.08 *Записник за извршено примопредавање на материјал по конкурс за втор и трет циклус на студии*.

**Член 12**

Постапката за запишување на кандидатите на втор циклус на универзитетски академски и стручни студии ја спроведува универзитетска конкурсна комисија на Универзитетот.

Членовите на универзитетската конкурсна комисија ги именува Ректорската управа, РУ.ОБ.04 *Одлука од Ректорска управа.*

Рангирањето на кандидатите и изготвувањето на прелиминарните ранг-листи го врши конкурсната комисија на секоја од единиците на Универзитетот - ОМДС.ОБ.03 *Прелиминарна/конечна ранг листа на пријавените кандидати по конкурс за втор циклус на студии.*

Членовите на конкурсната комисија на единицата ги именува наставно-научниот, односно уметнички совет на единицата со посебна одлука, со која се утврдува бројот и составот на конкурсна комисија, како и други прашања од значење за нејзината работа, во согласност со Статутот и со овој Правилник.

**Член 13**

Прелиминарните ранг-листи на примените кандидати, конкурсните комисии на единиците ги доставуваат до универзитетската конкурсна комисија и тие се објавуваат на огласната табла на Универзитетот и на единицата, како и на веб-страницата на Универзитетот.

Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена има право на приговор до универзитетската конкурсна комисија во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите на огласната табла на Универзитетот, односно единицата, како и на веб-страницата на Универзитетот.

Одлука по приговорот од став 2 на овој член мора да се донесе во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласната табла на Универзитетот, односно единицата, а воедно се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

По завршувањето на рокот за приговори, универзитетската конкурсна комисија ги објавува конечните листи на примени кандидати, ОМДС.ОБ.03 *Прелиминарна/конечна ранг листа на пријавените кандидати по конкурс за втор циклус на студии.*и ги доставува до раководителот на одделението за магистерски и докторски студии, до наствано – научниот, односно уметничкиот совет на единицата, а истовремено ги објавува на огласната табла на Универзитетот и на единицата, како и на веб-страницата на Универзитетот.

**Член 14**

Кандидатот го остварил правото на запишување доколку се наоѓа на ранг-листата до бројот што е предвиден со конкурсот за запишување.

Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето, го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг-листата.

**Член 15**

Странски државјани имаат право на запишување во втор циклус студии под еднакви услови како и македонските државјани, со плаќање на школарина за студирањето која е двојно поголема од школарината за државјаните на Република Македонија.

**Член 16**

Одлуката за прием на втор циклус на студии ја донесува наставно-научниот,

односно уметничкиот совет на единицата на Универзитетот врз основа на конечните ранг-листи и се доставува до одделението за магистерски и докторски студии заедно со документите по конкурс, ОМДС.ОБ.04 *Табела на запишани кандидати по конкурс*.

Советникот за магистерски и докторски студии, врши запишување на студенти во определен рок во согласност со доставените одлуки за прием од наставно- научниот, односно уметничкиот совет на единиците на Универзитетот.

**Член 17**

Студентот со Универзитетот склучува договор за студирање во согласност со конкурсот, ОМДС.ОБ.06 *Договор за студирање на втор циклус на студии* во Одделението за магистерски и докторски студии со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

**Организација и обем на студиите и начин на студирање**

**Член 18**

Втор циклус на студии се организира како студии со повисоко ниво на научно- истражувачка сложеност и повисоко ниво на оптовареност на студентот во дадено подрачје како редовни и вонредни студии.

**Член 19**

Должината на студиите се организира според оптовареноста на студентот и обемот на потребните кредити што треба да ги оствари во зависност од бројот и видот на предметните програми застапени во студиската програма.

**Член 20**

Вториот циклус на студии, покрај редовните предметни програми за кои се предвидени соодветни наставни и научно-истражувачки активности, содржи и изработка и одбрана на магистерски, односно стручен труд.

Периодот потребен за изработка и одбрана на магистерскиот, односно стручниот труд започнува во моментот кога студентот ќе го стекне потребниот број кредити, во согласност со закон и Статутот на Универзитетот.

**Член 21**

Студиските програми на втор циклус на студии се поделени на студиски години и семестри.

**Член 22**

Вториот циклус на академски студии – постдипломски студии во времетраење од 1 (една) година, е организиран во два семестри за совладување на редовните предметни програми и за изработка на магистерски труд.

Втор циклус на академски студии - постдипломски студии во времетраење од 2 (две) години, е организиран во четири семестри за совладување на редовните предметни програми и за изработка на магистерски труд.

Студиската програма за постдипломски студии од областа на уметностите опфаќа и магистерски труд и јавна изведба/прикажување на уметничко дело или изложба.

Вториот циклус на стручни студии е организиран во два семестри за совладување на редовните предметни програми и за изработка на стручен труд.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити.

**Организација на наставата за редовните студенти**

**Член 23**

Студиската година се организира во два семестри: зимски и летен.

Календарот за организација и реализација на студиските програми за студиската година го утврдува и објавува Универзитетскиот сенат, најдоцна 60 дена пред почетокот на наставата - УС.ОБ.04 *Одлука од Универзитетски сенат.*

**Член 24**

Наставата се организира и се изведува врз основа на утврдениот распоред на часови.

Универзитетот, односно единиците се должни да го објават распоредот на часовите пред почетокот на наставата.

Распоредот на часовите содржи: име на студиската програма, студиска година, име на предметот, време (ден, час) на одржување на наставата, место на одржување на наставата (предавална/амфитеатар, лабораторија), име на наставник и други информации за наставата.

За секој предмет предметниот наставник го утврдува планот на работа, роковите и начинот на проверка на знаењето (тестови, проекти и сл.).

Предметниот наставник е должен во првата недела од наставата да ги запознае студентите со планот на работа во однос на предметот и тој план да го достави до студентите во писмена форма.

**Член 25**

Проверката на знаењето се организира во термините кои се утврдени за изведување на наставата за предметот за кој е предвидена проверка на знаењето.

Задачите кои се предвидени за индивидуална работа на студентите (семинари, проекти, задачи и др.) мора да бидат рамномерно распоредени во текот на семестарот. Вкупниот обем на овие активности мора да биде усогласен со оптоварувањето кое е предвидено за предметот, во согласност со ЕКТС. Наставникот е должен во текот на наставата, изработката на индивидуалните работи и подготовката за проверка на знаењето, да им помогне на студентите преку организирање на консултации. Термините за консултации треба да бидат усогласени со термините за настава и да им бидат достапни на студентите преку јавно истакнување на огласната табла на единицата и на веб – страницата на Универзитетот.

Консултациите со студентите се задолжителни секоја недела со минимум 2 (два) часа, а максимум 6 (шест) часа.

Промена на распоредот на часовите и на планот за работа во текот на наставата, по правило, не е дозволена. Во случај на болест на наставникот, промената во распоредот на часовите ја одредува продеканот за настава.

Предметниот наставник е одговорен за изведувањето на сите облици на настава, предавања, вежби, практична работа и менторство.

**Член 26**

Определени облици на настава може да се организираат и во форма „учење на далечина“ (distance learning, virtual teaching), но испитите мора да се организираат во седиштето на единицата.

Испитите од уметничките предмети може да се организираат и надвор од седиштето на единицата, доколку станува збор за јавни манифестации од типот на концерти, изложби, претстави и др.

Практичната работа и стручната пракса може да се организираат и да се изведуваат како составен дел на редовната настава или како посебна целина.

## Оценување на редовните студенти

**Член 27**

Оценувањето на студентите од втор циклус се врши врз основа на:

- посета на предавања,
- успешно реализирани вежби,
- изработка на индивидуална работа/проектна задача.

Како дополнување на завршното оценување може да се земат предвид и следниве активности на студентите:

- успешно реализирана практична работа,
- извршени консултации,
- теренска работа,
- самостојна/домашна работа,
- учење во библитека,
- менторство на други студенти,
- изработени или реализирани проекти,
- изработка на есеј,
- јавна презентација,
- освоени награди/пофалници и др.

**Член 28**

Оценувањето е квантитативно.

Завршната оценка за соодветна предметна програма е изразена со квантитативни мерки. Предиспитните активности се вреднуваат со максимум 70 бодови, при што се изразени на следниов начин:

- 10 поени за предавања;
- 10 поени за вежби;
- 50 поени за изработка на индивидуална работа/проектна задача (која ја прегледува и оценува предметниот наставник, по што се спроведува јавна презентација на изработената индивидуална работа/проектна задача).

Во кумулативното оценување на студентот, изработката на индивидуалната работа/проектната задача носи од 0 до 25 поени, како и јавната презентација на индивидуалната работа/проектната задача, која носи од 0 до 25 поени.

Услов за полагање на завршен испит е освојување на кумулативно минимум 42 поени.

Завршниот испит носи максимум 30 поени.

**Завршно оценување**

**Член 29**

Завршното оценување се спроведува во утврдените испитни рокови во согласност со утврдениот академски аклендар.

**Облици на проверка на знаењето за редовни и вонредни студенти**

**Член 30**

Облиците на проверка на знаењето на завршното оценување може да бидат писмени, усни и практични.

Писмената проверка по правило се изведува по пат на тест или писмена работа

Начинот на испитување го одредува наставникот.

Испитот и сите облици на проверка на знаењето се јавни.

Испитите од уметничките предмети, по правило, се полагаат пред комисија. Резултатите од писмените испити се чуваат до први ноември следната академска година.

**Член 31**

Завршното оценување се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Прагот за положување на предметната програма за студентите од вториот циклус на студии изнесува 51 поен, при што повисокиот број на освоени поени кореспондира со некоја од следниве оценки:

- до 50 поени 5 (пет);
- од 51 до 60 поени 6 (шест);
- од 61 до 70 поени 7 (седум);
- од 71 до 80 поени 8 (осум);
- од 81 до 90 поени 9 (девет);
- од 91 до 100 поени 10 (десет).

**Член 32**

Успехот на студентот на испитот и преостанатите проверки на знаењето, се вреднуваат и се оценуваат со систем кој е споредлив со ЕКТС системот, како што следи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | (A) | – (исклучителен успех со мали грешки), изнесува | 91–100 | бодови, |
| 9 | (B) | – (преку просекот со понекоја грешка), изнесува | 81–90 | бодови, |
| 8 | (C) | – (просечен со забележливи грешки), изнесува | 71–80 | бодови, |
| 7 | (D) | – (општо добар, но со значителни недостатоци), изнесува | 61–70 | бодови, |
| 6 | (E) | – (ги задоволува минималните критериуми), изнесува | 51–60 | бодов, |
| 5 | (F,FX | – (не ги задоволува минималните критериуми и | 50 | бодови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ) | е потребно значително повеќе работа). | | |

**Пријавување на предмети и евиденција за редовни студенти**

**Член 33**

Студентите ги пријавуваат предметите кои сакаат да ги слушаат и полагаат во следната студиска година три недели пред почетокот на наставата во зимскиот семестар, а за првата студиска година по запишувањето на семестарот и поднесувањето на семестрален лист.

За изборните предмети, студентите пополнуваат образец ОМДС.ОБ.07 *Изборни предмети за втор циклус студии*, кој потоа од страна на советникот за магистерски и докторски студии се доставува до продеканот за настава на единицата на Универзитетот со цел да се изврши организација и распределба на часовите.

Изборот на предметите се врши до 30 ЕКТС кредити оптоварување за семестар и 60 ЕКТС кредити за година.

Студентот во рамките на летната школа може да полага најмногу два испити. По рокот за пријавување на предметите се формираат списоци на студенти по пријавени задолжителни и изборни предмети за следната студиска година и тие списоци се објавуваат на огласната табла на единицата на Универзитетот за секоја студиска програма и за секој предмет. Предметите кои студентот ги пријавил не може да се менуваат по нивната верификација.

**Запишување и заверување на семестар за редовни и вонредни студенти**

**Член 34**

Заверувањето на семестарот и годината е задолжително за сите студенти.

Врз основа на заверувањето на семестарот и годината се утврдува колку ЕКТС студиски кредити освоил студентот.

На студентот ќе му се завери семестарот доколку тој во индексот има потпис од предметните наставници за сите семестрални предмети.

На студентот кој не го исполнил условот од став 3, може да му се завери семестар под услови утврдени со одлука на Ректорската управа - РУ.ОБ.04 *Одлука од Ректорска управа*.

На вонреден студент ќе му се завери семестар ако ги исполнил финансиските обврски кон Универзитетот за тој семестар, без потписи во индексот.

Студентот може да запише нареден семестар доколку му е заверен претходниот семестар.

Роковите во кои се заверува и запишува семестар и година се утврдуваат во академскиот календар.

Студентот запишан на едногодишни студии, кој нема да завери прв и запише втор семестар во роковите определени со академскиот календар, по автоматизам се префрлува во вонредни студии.

Студентот запишан на двогодишни студии, кој нема да го завери тековниот и да запише нареден семестар во роковите определени со академскиот календар, по автоматизам се префрлува во вонредни студии.

**Запишување на студиска година**

**Член 35**

На втор циклус на студии (двогодишни), студентот може да запише нови предметни програми од наредната година доколку има заверен прв и втор семестар на студии.

На втор циклус на студии (едногодишни), студентот може да запише нови предметни програми од втор семестар доколку има заверен прв семестар на студии.

**Член 36**

Запишување на годината и запишување и заверката на семестарот е задолжителна за сите студенти.

**Член 37**

Студиите од втор циклус завршуваат со полагање на сите испити и изработка и одбрана на магистерски/стручен труд.

**Промена на изборен предмет**

**Член 38**

Промена на изборен предмет пред започнување на семестарот, се врши во Одделението за магистерски и докторски студии на барање на студентот, без паричен надоместок.

Промена на изборен предмет по завршување на семестарот, се врши со одлука на наставно – научниот, односно уметнички совет на единицата на барање на студентот, со плаќање на соодветен паричен надоместок за предметниот наставник, во согласност со Правилникот за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот - ОМДС.ПРВ.04 *Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот*.

**Посебни одредби за вонредните студенти на втор циклус на студии**

**Член 39**

Единиците на Универзитетот ја определуваат формата на организацијата на наставните активности за вонредните студенти и за студентите со учење на далечина.

Вонредните студенти и студентите со учење на далечина се обврзани да присуствуваат на облиците на проверка на знаењето, како што е предвидено со програмата на предметот, во седиштето на единицата на Универзитетот, односно наставниот центар во кој се организира наставата за редовните студенти.

Предиспитните активности за вонредните студенти се вреднуваат со максимум 50 бодови, изразени на следниов начин:

– 50 поени за индивидуална работа/проектна задача (од 0 до 25 поени за изработка на индивидуалната работа/проектната задача и од 0 до 25 поени за јавна презентација на индивидуалната работа/проектната задача со предметниот наставник).

Услов за полагање на завршен испит е прифаќање на индивидуалната работата/проектната задача и нејзина успешна презентација.
Завршниот испит носи максимум 50 поени.

## Преминување од редовни во вонредни студии

**Член 40**

Студентите кои се запишале како редовни студенти на втор циклус на студии, може да се префрлат да студираат како вонредни студенти.

Како оправдани причини од претходниот став се сметаат: лице во работен однос, лице кое има склучено договор за професионален спортски или културен ангажман, инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар и родител на дете додека трае породилното отсуство.

Студентот, преку одделението за магистерски и докторски студии до наставно - научниот, односно уметнички совет на единицата, поднесува барање за префрлување од редовни во вонредни студии - *ОМДС.ОБ.11 Барање до одделение за магистерски и докторски студии.*

Наставно - научниот, односно уметнички совет на единицата донесува одлука со која го прифаќа или го одбива барањето на студентот за префрлување од редовни во вонредни студии.

## Финансирање на вториот циклус студии

**Член 41**

Вториот циклус на студии има карактер на приватни студии и се финансира од средства на кандидатите, во согласност со Правилникот за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот.

## Постапка за пријава, оценка и одбрана на магистерски/стручен труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело

**Член 42**

Наставно - научниот, односно уметничкиот совет го определува насловот на темата во рамките на научната област на која се изведуваат магистерските, односно стручните студии.

Насловот на темата може да биде предложен и од кандидатот во договор со менторот.

Постапката по пријавата, оценката и одбраната на магистерски/стручен труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело, се спроведува врз основа на одредбите од Статутот на Универзитетот - ОМДС.ПР.01 *Процедура за јавна одбрана на магистерски/специјалистички/докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип*.

Комисијата за одбрана на магистерскиот/специјалистички труд по завршувањето на јавната одбрана го оценува трудот и јавната одбрана и квантитативно и јавно ја објавува.

**Член 43**

По завршување на трудот и на менторската фаза, заедно со писменото барање за спроведување на постапка за оценка и одбрана на магистерски/стручен труд, покрај условите утврдени со Статутот на Универзитетот, студентот треба да достави и:

- извештај од системот за плагијати;
- еден објавен труд во научно списание, ликовно претставување(ликовна изложба, музички настап на официјален концерт, сценско-музички настап на официјален настан;
- потврда од овластен лектор и
- електронска (USB или електронска пошта) Pdf верзија од лекторираниот магистерски/струдечн труд, која се доставува до Одделението за магистерски и докторски студии.

**Исправи и евиденција на студиите**

**Член 44**

Студентот кој ги положил сите испити предвидени за вториот циклус на академски/стручни студии, го одбранил магистерскиот/стручниот труд и ги исполнил преостанатите обврски, се стекнува со соодветен степен, односно диплома за завршен втор циклус на студиска програма, утврдени со закон и Статутот на Универзитетот.

Со дипломата задолжително се издава и додаток на диплома заради детален увид во нивото, природата, содржината, системот и правилата на студирањето, како и постигнатите резултати во текот на студиите.

**Член 45**

Советникот за магистерски и докторски студии, веднаш по изработката на уверението за завршен втор циклус на студии, го евидентира студентот кој го одбранил магистерскиот/стручен труд - ОМДС.ОБ.21 *Евиденција на издадени уверенија за завршен втор/трет циклус на студии* и во главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на академски/стручни студии.

**Административна поддршка**

**Член 46**

Административната поддршка на вториот циклус на академски/стручни студии се извршува во рамките на Универзитетот, во Одделението за магистерски и докторски студии, а во соработка со единицата која ги организира.

**Член 47**

Раководител на вториот циклус на студии на факултетите е деканот на единицата.

Раководителот на катедрата/институтот/одделот на факултетот на кој се организира вториот циклус на студии, е одговорен за реализација на програмите на вториот циклус на студии.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 48**

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото објавување.

## IV. ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ

1. ОМДС.ОБ.01 *Пријава за упис на втор циклус студии*
2. ОМДС.ОБ.02 *Табела со кандидати по конкур*
3. ОМДС.ОБ.03 *Прелиминарна/конечна ранг листа на кандидати за втор циклус*
4. ОМДС.ОБ.04 *Табела на запишани кандидати за втор/трет циклус*
5. ОМДС.ОБ.05 *Записник за примопредавање на материјали по конкурс*
6. ОМДС.ОБ.06 *Договор за студирање на втор циклус*
7. ОМДС.ОБ.07 *Изборни предмети на втор циклус*
8. ОМДС.ОБ.09 *Пријава за изработка на магистерски/специјалистички труд*
9. ОМДС.ОБ.10 *Пријава за изработка на магистерски труд на Музичка академија*
10. ОМДС.ОБ.11 *Барање до Одделение за магистерски и докторски студии*
11. ОМДС.ОБ.13 *Барање за проверка на студентско досие за втор/трет циклус*
12. ОМДС.ОБ.14 *Извештај од проверка на студентско досие (комплетно)*
13. ОМДС.ОБ.15 *Извештај од проверка на студентско досие (некомплетно)*
14. ОМДС.ОБ.16 *Барање за формирање комисија за оценка и одбрана на магистерски/специјалистички труд*
15. ОМДС.ОБ.17 *Записник за одбрана на магистерски/специјалистички труд*
16. ОМДС.ОБ.21 *Евиденција на издадени уверенија за втор циклус*
17. ОМДС.ОБ.22 *Менторски извештај за втор циклус*
18. ОМДС.ПР.01 *Процедура за јавна одбрана на магистерски/специјалистички/докторски труд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип*
19. ОМДС.ПР.03 *Процедура за формирање и ажурирање на студентско досие за втор и трет циклус на студии*
20. ОМДС.ПРВ.04 *Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот*
21. РУ.ОБ.04 *Одлука од Ректорска управа*
22. УС.ОБ.04 *Одлука од Универзитетски сенат*

Универзитетски сенат
Претседател

____________________________
Проф. д-р Верица Илиева